Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Исмани Измет од с. Селце Кеч, Боговиње УП2 09-23/24 од 23 јануари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1510 од 2 јануари 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1510 од 2 јануари 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Исмани Измет од с. Селце Кеч, Боговиње до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-23/24 од 23 јануари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1510 од 2 јануари 2024 година на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок.

Жалителот потенцира дека во близина има нисконапонска мрежа од која може да биде приклучен.

Според Електродистрибуција - парцелата е вон градежен реон. Најблиска напојна точка на ЕВН е на растојание од 700m од парцелата на барателот, а 900m од напојната трансформаторска станица ТС Горно Седларце 3, при што исто така на ГИС подлогата се гледа дека парцелата на барателот и трансформаторската станица Горно Седларце 3 се наоѓаат на различна страна на автопатот.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 28 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-23/24 од 23 јануари 2024 година со прилог:

-Приговор

-Еднополна шема

-Изјава за согласност од Јахип Исмани од с. Мала Речица, Тетово за согласност за приклучок

-GIS скица

-Слики

-Потврда дека за објектот се води постапка за легализација

-Приговараното Решение
-Барање за согласност за приклучок
-Имотен лист

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, парцелата е далеку од најблиската приклучна точка, а приклучната трафостаница е на другата страна од автопатот.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–23/24**
**18 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**